**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**

**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за возила |
| Министерство: | Министерство за економија |
| Лице за контакт<br>(одговорно лице): | Нериман Џеладини,<br>Раководител на сектор за внатрешен пазар<br>Тел. 3093-512 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Влада на РМ – мај 2012 година<br>Собрание на РМ –јуни 2012 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Има |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**

**Јуни 2011 година**

**<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>**

**1. Кои се главните проблеми?**

Материјата со која се утврдуваат условите за пуштање на пазар и почеток на користење на возилата, регистрацијата и техничката исправност на возилата, условите за извршување на работи на технички служби, правните лица за технички преглед и правните лица за регистрација и регистарот за возила е уредена со Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/2008 и 53/2011).

**2. Кои се можните решенија (опции)?**

**Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Со Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за возила, се превземаат мерки за подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

Во поглед на висината и распоните на глобите, Законот за возила, во целост е усогласен со Законот за прекршоци и дефинираниот распон на висината на казните се движи помеѓу 50% и 100% од

максимално предвидената глоба која е во износ од 5000 евра во денарска противвредност, но сепак во одредени членови се врши намалување на висината на глобите и нивно усогласување со глобите предвидени во законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09 и 51/11).

Со овие измени се врши и усогласување на Законот за возила со одредбите од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2010 и 161/2010).

Истовремено со дополнувањето на Законот за возила се создава законски основ за донесување на „Правилникот за информирање на потрошувачот за потрошувачката на гориво и емисиите на $CO_2$ во однос на продажбата на новите патнички возила“.

Исто така ќе се регулираат трошоците (цената) за издавање на одредени документи кои се разликуваат во постапката за возила кои се еднаш одобрени а на кои биле извршени преправки или порпавки. Воедно со регулирањето на цените за сите постапки ќе се постигне следното: ќе се задржи квалитетот на работата и постапките за испитување на возило, ќе се зголеми безбедноста во сообраќајот и намали бројот на возила кои не се технички исправни по кој било критериум, ќе се овозможи реално покривање на трошоците на овластените субјекти кои ги спроведуваат постапките и ќе се зголеми учеството на ДДВ во буџетот на Република Македонија.

Со измените и дополнувањата на законот на возила се предвидува во целост да се имплементира примената на налепницата за регистрација на возилото, истата да отпочне задолжително да се издава и поставува на секое регистрирано возило, што би довело до лесна и брза проверка на возилата.

Додека пак со измената на член 23 став 1 од Законот за возила, се овозможува постапката за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата да се спроведува и за половните (користените) возила согласно Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/09 и 16/2010), а со тоа се стекнува примена на Правилникот за висината на трошоците на правните лица за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/09).

Ќе се овозможи за донирани возила во Република македонија, кои не ги исполнуваат актуелните технички барања за увоз на возила во Република Македонија, а се од посебен јавен интерес, да може да се отпочне постапка за идентификација, односно нивна регистрација во Република Македонија.

Измените на законот за возила ја земаат во предвид и одговорноста на стручните лица во станиците за технички преглед, при што се пропишуваат посебни санкции за неодговорното и нестручно работење на тие лица.

Во Законот за возила воопшто не е регулирана одговорноста при работата на стручните лица кои вршат технички преглед во овластеното правно лице. Со усвојување на овие промени ќе се зголеми квалитетот во извршувањето на работите при технички преглед на возила, од страна на стручните работиници во овластеното правно лице за вршење на технички преглед.

Со измените и дополнувањата на законот за возила се допрецизираат условите за овластување на техничките служби во насока да истите можат да вршат преглед на возила кои вршат превоз на стока согласно АДР и АТП спогодбите (превоз на опасни материи и превоз на лесно расиплива стока – храна).

**3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

Министерство за економија, Министерството за внатрешни работи, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Институтот за стандардизација на Република Македонија, Институтот за акредитација на Република Македонија и органот за

одобрување – Бирото за метрологија, Државен пазарен инспекторат, технички служби и правните лица овластени за вршење на технички преглед и регистрација на возиласогласно Законот за возила.

**<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>**

**1. Кои информации и податоци се веќе достапни?**
- Законот за возила („Службен Весник на Република Македонија“. бр. 140/2008 и 53/2011).

**2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**
Нема

**3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**
Иницијална

**4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**
Во рамките на Министерство за економија формирана е Работна група со преставници од Министерство за економија, Министерството за внатрешни работи, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Институтот за стандардизација на Република Македонија, Институтот за акредитација на Република Македонија и органот за одобрување – Бирото за метрологија, Државен пазарен инспекторат, технички служби и правните лица овластени за вршење на технички преглед и регистрација на возила согласно Законот за возила.

| |
|---|
| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси** |
| (забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |

**<u>В. Временска рамка</u>**

**1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?**
Започнати се во јуни 2011 година.

**2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?**
Нема консултанти.

**3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?**
Работна група започна со работа во декември 2011 година и заврши во првата половина на март 2012 година. Ќе се поднесе во втората половина на април 2012 година.

**Г. Ресурси**

**1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот?**

Од државните службеници во Министерството за економија (сектор за внатрешен пазар).